РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08 - 5018/2
31 -10- 2022

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 76-та седница одржана на ден 25.10.2022 година донесе

*Одлука*

Постапката по предмет со бр. 08-5018/1 од 15.11.2021 година, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот со број 08-5018/1 од 15.11.2021 година.

Предметот со број 08-5018/1 од 15.11.2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*Образложение*

Предметот со број 08-5018/1 од 15.11.2021 година е оформен по сопствена иницијатива.

ДКСК од извршениот увид во својата евиденција констатира дека лицето Мартин Донев во законски предвидениот рок од 30 дена по именување на функцијата член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о., не поднел Анкетен лист до Државната комисија за спречување на корупцијата.

ДКСК изготви записник за констатиран прекршок и прекршочен платен налог и истите ги достави до лицето Мартин Донев. Истиот на ден 29.09.2022 година ја платил глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог.

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изготвил: м-р Антонија А. Тасевска
Одобрил: Горан Трпеноски, член

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**